Македонски مقدونيا

# Постот се дели на два вида:

**Доброволен пост**

**Задолжителен пост:** како постот во месецот рамазан, завет и откуп.

**Дефиниција на постот**

Ибадет кон Возвишениот Аллах со воздржување од храна, пијалак и сè што го расипува постот од зора до зајдисонце

## Двата рукна на постот

**1 Нијет**

| Нијет за доброволен пост | Нијет за задолжителниот пост |
|---|---|
| Дозволено е да се донесе во секој момент од денот, доколку претходно не сторил дело кое го расипува постот. | Должност е да се донесе намерата за задолжителниот пост пред зората т.е пред настапувањето на постот. Нијетот се донесува во срцето без изговарање. |

**2 Воздржување од сè што го расипува постот**



**Некои работи кој се дозволени за постачот:**

- Вкусување на храната при подготвување - поради потреба
- Голтање на плунката
- Бањање
- Користење на мисвак
- Мирисање / користење мирис (парфем)
- Разладување (освежување поради жештина)

**Работи што го расипуваат постот:**

1. Јадење и пиење свесно и намерно – кој ќе направи нешто од тоа несвесно или од заборав, неговиот пост е исправен. 2. Интимен однос. Доколку го расипа постот со интимен однос должност е да направи одкуп кој е шеријатски одреден и пропишан за тоа.
3. Намерно предизвикано исфрлање на семе
4. Сè што по својата суштина има улога на јадење и пиење, како што се хранливите инјекции. 5. Исфрлање крв преку хиџама
6. Намерно предизвикано повраќање
7. Менструација или постпородилно крварење (нифас)

## Шартови за обавезноста на постот:

1. Ислам
2. Разум
3. Шеријатска полнолетност – шеријатските неполнотелни лица не се должни да постат, но препорачливо е да се поттикнуваат кон пост.
4. Престојување: Постот не му е задолжителен на патникот, но подобро е да пости доколку тоа не му претставува тешкотија, поради постапката на Аллаховиот Пејгамбер, саллаллаху алејхи ве селлем, и затоа што така побрзо се ослободува од обврската, полесно му е како обврзаник и ја постигнува вредноста на месецот.
5. Да биде здрав
6. Да не биде во состојба на менструација или постпородилно крварење

**Исто така, му се забранува на постачот:**

1. Голтање на шлајм (густ секрет), но со тоа не се расипува постот.
2. Бакнување, доколку не е сигурен дека ќе го зачува својот пост.
3. Лажен говор (а тоа опфаќа секое забрането дело).
4. Непримерно однесување.
5. Висал – односно да не прекине пост два последователни дена.

**Непрепорачливи работи за време на постот:**

1. Претерување при испирање на устата и вшмукување вода во носот.
2. Вкусување на храна без потреба.

sarhaan.com
mahadsunnah.com